# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 50 став (10) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 146/09, 53/11, 149/15, 39/16 и 132/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА

## Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето, потребната документација за исполнетост на условите, содржината и начинот на водење на евиденцијата на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.

## Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член ги содржи следните податоци: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел податоци за подносителот на барањето и тоа: полн назив на правниот субјект, адреса и седиште, општина, контакт телефон и електронска адреса, ЕДБ на правниот субјект, шифра на дејност, име и презиме на управителот на правното лице, податоци за контакт, датум на поднесување и потпис и печат на одговорното лице.

(3) Формата и содржина на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

(1) Евиденцијата на контролни/сертификациски тела се води во електронска форма и се објавува на интернет страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член се води врз основа на издадено решение за овластување од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.

## Член 4

(1) Евиденцијата од член 3 став (1) на овој правилник ги содржи следните податоци:

- назив на овластеното контролно/сертификациско тело;
- седиште и адреса;

- контакт телефон и електронска адреса;
- име и презиме на управителот на правното лице;
- ЕДБ на правниот субјект;
- жиро сметка;
- број на сертификат за акредитација и
- датум на издавање на сертификатот за акредитација.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Министер за информатичко општество и администрација,
**Дамјан Манчевски**, с.р.

Бр.08/1-361/1
17 јануари 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски**, с.р.

Бр.02-1230/2
5 февруари 2019 година
Скопје

ПРИЛОГ

**До**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# БАРАЊЕ
## за добивање на Решение
## за овластување на контролно /сертификациско тело
## за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство

| 1. Податоци за подносителот на барањето | |
|---|---|
| Полн назив на правниот субјект: | |
| Адреса на седиштето: | |
| Општина: | |
| Тел/Факс: | |
| Е - пошта: | |
| ЕДБ на правниот субјект: | |
| Шифра на дејност: | |
| Име и презиме на Управител: | |
| Податоци за контакт | |
| Датум на поднесување: | |

**Потпис**
**и печат на одговорното лице**